| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Боите на есента |
| **Содржина на денот** | Вежбаме-растеме |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Александра Миладинова |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Возрасниот води разговор со детето за факторите кои придонесуваат за неговото здравје,играта,прошетките на чист воздух, правилната исхрана, одмор и сл. |
| **Активности** | Игра-Вежби за клекнување и станување<br>Возрасниот се договара со детето дека денешниот ден ќе го поминат на прошетка  во блискиот парк. Заминуваат во паркот и се забележуваат боите на есента ,дрвјата,лисјата што паѓаат и водат разговор меѓусебно за есента и нејзините карактеристики. Потоа се договара возрасниот со детето да играат и игра во паркот ,му предлага да собираат есенски лисја,костени и ги ставаат во кошница. Се клекнува и станува, во исто време се собира. Тековно играта се менува каде возрасниот прв клекнува и собира, па по него детето и обратно. Откако ќе се наполни кошницата се подредуваат лисјата на клупите во паркот и се именуваат боите на есента.<br>-Игра Ден-ноќ<br>Со пристигнување во домот повторно во текот на денот се прават вежби за клекнување и станување со игра на знак, кога е ден детето станува, а кога е ноќ клекнува. Улогите се менуваат, а играта се повторува додека има интерес кај детето. |